1483

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting

ВЕЧЕР
Скопје
13 VII 1966

КУЛТУРЕН РАЗМЕРНИК

ВО РАМКИТЕ НА „СРЕДБАТА НА СОЛИДАРНОСТА"

# ВО СКОПЈЕ: МАЈСКИОТ САЛОН ОД ПАРИЗ

По повод на традиционалната манифестација „Средба на солидарноста", во Скопје, на 26 јули, во салите на Собранието на СРМ, ќе биде отворена изложбата „65 слики од Мајскиот салон во Париз".

**На оваа изложба ќе видиме по едно платно од најистакнатите современи француски уметници меѓу кои: Пабло Пикасо, Пјер Алешински, Едуар Пињон, Сергеј Пољаков, Антонио Тапиес, Жак Дусе, Карел Апел, Енрико Бај и др.**

**Исто така ќе ги видиме и платната на двајца натурализирани Французи од југословенско потекло: Бата Михајловиќ и Зоран Мусиќ.**

Всушност, на оваа изложба ќе видиме една селекција на слики од Мајскиот салон во Париз.

Идејата за раѓањето на Мајскиот салон во Париз датира уште од 1943 година кога по парискиот плочник се слушаше топотот на нацистичките чизми. Идејата стана стварност дури во мај 1945 година во туку што ослободениот Париз: во двата ката на Галеријата Морс при Рон-Поен на Елисејските Полиња.

**Денес, Мајскиот салон во Париз е една од најпознатите институции во светот. И најголемите уметници, излагањето во Мајскиот салон го сметаат за голема чест. Во него, се до смртта, ги излагале своите најдобри дела Матис, Фернан-Леже и Жак Вилон. А исто така само во Мајскиот салон ги излагаат своите најдобри дела Пикасо Макс Ернст, Миро и др.**

Фактот што во Скопје ќе видиме една селекција од Мајскиот салон зборува за големото пријателство и симпатија на оваа институција кон градот. За сето ова големо признание треба да му се оддаде на Гастон Дил, основач и претседател на Мајскиот салон во Париз.

Пјер Алешински испрати писмо со кое известува дека го подарува платното што ќе биде изложено во Скопје.

Изложбата во Скопје ќе биде отворена до 15 август.

**Т. Ширилов**